# Годишен извештај 2022



# Вовед

**20 години Еко-свест**

Во текот на летото 2002 година како група млади активисти за заштита на животната средина започнавме да осмислуваме нов концепт за подигнување на еколошката свест. Оттука и името на организацијата- Еко-свест.

Во тие рани наши почетоци, не можевме да замислиме дека еден ден, 20 години подоцна ќе славиме ваков голем јубилеј.  Велат времето лета кога ти е убаво, а нас овие 20 години навистина бргу ни поминаа! Еко-свест се основаше врз сé она што го научивме од Младинската акција за развој и средина, младинскиот огранок на Сојузот за животна средина. Набрзо, Еко-свест оствари блиска соработка со меѓународната мрежа CEE Bankwatch Network и од нејзините членки научивме како да воведеме европски стандарди во нашето работење. Со тие стандарди и таа визија за како треба да работи една напредна граѓанска организација ги спроведувавме нашите активности, склучувавме партнерства, работевме со експерти, основавме коалиции и мрежи и ги градевме капацитетите на помладите организации од нашиот сектор.

Еден од главните принципи на работа на Еко-свест уште од самиот почеток е соработката со различни чинители. Преку градење на партнерства и заеднички пристап можеме да направиме многу. Тоа го покажува нашето искуство со формирањето на Коалицијата за клима која сега брои над 80 членки- организации и заеднички делува за промена на политиките кои ќе водат кон климатска акција.

Задачата на еден еко-активист е голем предизвик. Ние говориме не во свое име, туку во име на природата, ние не застапуваме во свој личен интерес, туку во интерес на целото човештво. Затоа, оваа работа е поддржана од голем број организации, фондации и донатори. Во 2022 година Еко-свест се гордее на соработката со Sida, Sigrid Rausing Trust, European Climate Foundation, CEE Bankwatch Network, Prespa Ohrid Nature Trust (PONT), The Nature Conservancy, Euronatur, CAN Europe, Europe Beyond Coal, Critical Ecosystem Partnership Fund (CEPF), Open Rivers Programme и Arcadia, National Democracy Institute, European Environmental Bureau и Germanwatch.

Во нашата земја плодна соработка одржавме со Македонското еколошко друштво, Македонско здружение на млади правници, Фронт 21/42, Центар за климатски промени, CNVP и многу други организации. Во 2022 година ја започнавме и работата на експертската работна советодавна група, составена од национални експерти во доменот на нашата работа, со планови за нејзино проширување во годините што следат.

Во овие 20 години Еко-свест има спроведено над 80 проекти, објавено околу 100 публикации, добиено 3 награди и признанија. Над 300 претставници од граѓанскиот сектор биле директно обучени од еко-свест, а над 30 организации станаа наши грантисти. Оваа година Еко-свест ја отвори првата електронска платформа за грантирање каде во првиот повик за доделување грантови се пријавија 100 организации.

Само во текот на 2022 година, нашите јавни кампањи за подигнување на свеста за климатските промени, заштитата на природата и водите, аерозагадувањето, енергетската транзиција и зелената трансформација имаат допрено до над 1 милион граѓани.

Во 2022 година Еко-свест доби ново лого кое многу потсетува на старото, а во себе го вклучува златниот пресек кој е присутен насекаде. Во универзумот и во природата, секаде околу нас. Со оваа форма ја симболизираме нашата присутност и потребата грижата за животната средина да стане евидентна во сите пори на општеството.

Персоналот на Еко-свест се нашите вистински еко-херои. Секој со своја супермоќ- неверојатно креативни, вредни и посветени на мисијата, експерти во она што го работат ја носат организацијата со себе, каде и да се. Без нив, успесите на нашата организација немаше да бидат реалност.

Гледајќи на овие 20 години и на сé што постигнавме од лично име можам само да посакам уште многу години работа, партнерства, соработки и успеси на Еко-свест!



Ана Чоловиќ Лешоска

Извршна директорка

## Посебни успеси во 2022 година

**Воспоставена е функционална онлајн платформа за грантови и повици** во рамки на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени“, финансиран од Шведска, која има за цел да понуди транспарентен, јасен и ефикасен начин на управување со јавни повици за финансирање на проекти. Платформата лесно може да се прилагоди и за управување со други повици за ангажирање на експерти или набавки на услуги. Платформата опфаќа различни процеси, како регистрација на корисници и организации, објава на повици, пријавување на проекти, оценка на проектни пријави и управување на проектни активности со подготовка на наративни и финансиски извештаи. Во текот на 2022 година преку оплатформата се објавија 3 повици, беа регистрирани над 380 корисници, 120 организации и 97 пријавени проекти.



**Јубилеј 20 години Еко-свест** - Во рамки на 20 годишнината од формирањето и работата на Еко-свест, во Скопје организиравме свечен настан. Одбележувањето на дваесет годишното постоење на организацијата беше под покровителство на Претседателот г. Стево Пендаровски. Во своето обраќање, Претседателот Пендаровски ја потенцираше улогата на Еко-свест како една од водечките организации во државата во областа на заштитата на животната средина и јавното здравје, која 20 години успешно постои и предводи политики за одржлив развој, зелена трансформација на општеството, а активно се залага за намалување на последиците од климатските промени. На свеченоста концептуално беше претставен и дел од работата на Еко-свест преку хронолошки историјат на бројните и значајни активности реализирани низ минатите две децении работа. Во овие дваесет години, Еко-свест реализираше над 80 проекти, спроведе бројни кампањи кои досегнаа до над 1,2 милиони граѓани и издаде над 100 релевантни публикации.

**Еко-свест со локална канцеларија во Вевчани** - Центарот за истражување и информирање за животна средина Еко-свест на 9 ноември 2022 година во Вевчани отвори своја локална канцеларија, а беше потпишан и Договор за проектот „Поддршка на одржливо управување на Заштитеното подрачје „Вевчански извори“, со PONT (Prespa Ohrid Nature Trust) кој ќе се спроведува до август 2025 година.








Целта на овој проект е да се обезбеди поддршка за одржливо управување со заштитеното подрачје Споменикот на природата “Вевчански Извори”. Со спроведувањето на овој проект ќе се изврши ефективно следење на клучните видови во Споменикот на природата „Вевчански извори“, поставување на едукативни табли и патокази, воспоставување на еко-патрола, едукација за биолошката разновидност, како и привлекување на повеќе посетители во подрачјето. Новата канцеларија и нејзиниот тим ќе го поддржат спроведувањето на планот за управување со заштитеното подрачје „Вевчански извори“ и ќе даде поддршка на Општина Вевчани во спроведување на нивните активности за заштита на природното наследство.

**Акција за садење дрвја во Градски парк Скопје** - По повод 20 години од формирањето и работата на Центарот за истражување и заштита на животната средина „Еко-свест“, денес во градскиот парк со нашите партнери и поддржувачи од Министерството за животна средина и просторно планирање и Шведската амбасада во Скопје засадивме 20 дрвја како донација за граѓаните на Скопје. Освен нашиот тим, дрвја засадија и Министерот за животна средина и просторно планирање Насер Нуредини, заменик амбасадорката на Шведска, Биби Гармсон, претставници од Шведската агенција за заштита на животната средина (SWEPA) и претставници од ЈП „Паркови и зеленило“ Скопје.



Еко-свест имаше водечка улога во организација на **17-та Годишна средба на здруженијата на граѓани кои работат на полето на заштита на животната средина и одржлив развој - НСМ** и средбата на Коалицијата за клима на 11 и 12 ноември 2022 година во Охрид. Годишната средба беше заеднички координирана со ЦНВП Македонија и со Македонскиот зелен центар (МЗЦ). Присутни беа 55 учесници, кои претставуваа 38 граѓански организации. Состанокот имаше за цел: да ги сумира досегашната работа и спроведените активности на ГО; дефинирање на заложбите и проектите за зајакнување на соработката; и градење одржливи партнерства со локалните и националните власти и другите релевантни чинители. Подготвени се заклучоци и препораки, доставени и до МЖСПП, кои се водич за понатамошно застапување и делување за граѓанските организации пред националните и локални институции.



## Преглед на активности по области




**Ниско-јаглеродни алтернативи за централно греење и економски развој**

Главната цел на проектот беше да осигура дека нема да се одложат плановите за исфрлање на јагленот преку изработка и промовирање на две студии: Анализа на алтернативи на централното греење базирано на јаглен за Битолскиот Регион, и Документ на политики за Надоместок за јаглерод. Анализата којашто ги истражува алтернативите за индивидуално и централно греење за Битолскиот Регион, објавена на англиски и македонски јазик, покажа дека воспоставувањето на централно греење зависно од термоелектраната РЕК Битола не е најисплатливото и најефикасно решение за граѓаните. Всушност, техно-економската анализа покажа дека најефикасно решение е поврзувањето на фотоволтаични системи со инвертер клима уреди за индивидуални куќи и колективни згради коишто ќе овозможат поголеми заштеди на енергија и намалени трошоци за граѓаните. Дополнително, Анализата беше презентирана пред членовите на Советот на Општина Битола на хибридна тркалезна маса во Битола во ноември 2022 година, која обезбеди платформа за размена на знаења, искуства и мислења во врска со наодите во студијата. Понатаму, Документот на политики за Надоместок за јаглерод анализира неколку сценарија за негово воведување на национално ниво со цел да се избегнат импликациите од воведувањето на *CBAM* механизмот. Сите три сценарија претпоставуваат постепено зголемување на цената по тон CO2 секоја година, почнувајќи со различна цена, сé додека не го достигне нивото на ETS системот на ЕУ. Исто така, согласно нашето законодавство, документот предложува три можности каде би се вметнал надоместокот за јаглерод, како и каде би се прибирале средствата и за што сé можат да се користат. Документот на политики за Надоместок за јаглерод беше презентиран на тркалезна маса во февруари 2023 година на која претставници од енергетските интензивни индустрии, Министерството за животна средина и просторно планирање, како и релевантните граѓански здруженија, покажаа подготвеност да придонесат во процесот на воведување на надоместок за јаглерод на национално ниво како главни засегнати страни.

**Децентрализирање на праведната транзиција**

Целта на овој грант беше да се создаде модел за учество на локалните заедници во националните процеси за праведна транзиција. За да се постигне ова, Еко-свест соработуваше со месната заедница во село Белица. За оваа цел, изработивме и објавивме студија на случај за процесите на одлучување во с. Белица со цел да се поттикне зачувувањето на традицијата и развојот на заедницата. Работевме и со претставници од општина Кичево, регионалната стопанска комора, на Локална акциска група (ЛАГ) во

Кичево, јавни институции, невладини организации и граѓани, со цел градење на нивните капацитети и разбирање за процесите на праведна транзиција. Покрај тоа, преку јавна кампања за важноста на декарбонизацијата и праведната транзиција на локално ниво, работевме на дополнително подигање на свесноста за важноста на учеството на локалните заедници во процесот на праведна транзиција.

По примерот на Белица и другите соседни села, како Свињишта, основаа здруженија, за да можат да дејствуваат како правно лице и да работат на развој на своето село и регионот.

Учеството на локалните заедници во националното програмирање и планирање беше дискутирана и на конференцијата „20 години декарбонизација“ во организација на Еко-свест во септември 2022 година пред релевантни владини и меѓународни чинители.

Дел од кампањата на социјални медиуми беа и видео изјавите од локалните чинители кои беа прикажувани и користени како пример на меѓународни настани(Energy Community Just Transition Forum held in Sarajevo on 12.07.2022). Кампањата достигна над 90 000 прегледи.







**Подигнување на свеста за праведната транзиција и обновливите извори на енергија како решенија за напуштање на јагленот**

Во рамки на проектот одржани се серија на јавни настани посветени на праведната транзиција, како на пример саемот за праведна транзиција во Кичево, работилници со локални чинители во Кичевскиот регион и работилница за праведна транзиција со чинители од Битола. Покрај нив, одржана е и работна средба со релевантни институции за транспарентноста на сметката за електрична енергија, од која произлегоа низа заклучоци и следни чекори во насока на поотворено и појасно известување на корисниците за износите на сметките за електрична енергија.

Истовремено, во текот на енергетската криза овој проект му помогна на Еко-свест да формулира пораки за идниот развој на енергетскиот сектор, како одговор на плановите на владините институции да се вратат кон фосилните горива. Пораките во комбинација со неколку активности, настани и публикации го задржаа вниманието на јавноста и медиумите и повикуваа на нискојаглеродна транзиција со обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност како засилени мерки во борба со енергетската криза.

Во рамки на овој проект го објавивме новото издание на Тим Еко- стрипот и овозможивме превод на двете епизоди од Тим Еко на 5 јазици.

**ЕНКЛУД**

Во рамки на проектот ЕНКЛУД, како дел од HORIZONT 2020 програмата на ЕУ, во текот на 2022 година Еко-свест спроведе истражувачки активности во три локални заедници- с. Жировница, с. Белица и с. Турско Рударе. Локалните заедници беа идентификувани како специфични случаи на колективно здружување за спречување на МХЕЦ и здружување во форма на енергетски заедници за развивање на енергија од обновливи извори. Проектот има за цел да ги идентификува сите фактори кои можат да помогнат да се дефинира терминот „енергетско државјанство“ како дел од идната регулатива на ЕУ.

**Паметно енергетско планирање**

Во соработка со The Nature Conservancy и македонската Академија на Науките и Уметностите (МАНУ), Еко-свест работи на проект за паметно енергетско планирање во земјата. Со спроведување на фокус групи и анкета на репрезентативен примерок, како и серија консултации со релевантни чинители во секторот, Еко-свест изготви Принципи и препораки за паметно енергетско планирање.
МАНУ пак, изработи Студија за користење на рудници и други браунфилд локации, односно за паметно позиционирање на проектите врз деградирани земјишта. Со првата фаза на проектот се идентификуваа 650 MW капацитет за овие проекти.

Во втората фаза на проектот се продолжува со анализа и картирање на локации за изградба на вакви проекти согласно утврдена методологија, на земјиште кое нема друга употребна вредност. Секако, принципот на заштита на природата и локалното население се клучни и движечки вредности во овој проект. Дополнително на ова, формирана е експертска работна група која ја ревидира работата на МАНУ и овозможува уште поквалитетно истражување и резултати од овој проект.




*Програмата Енергија на Еко-свест во 2022 година е финансиски поддржана преку проекти финансирани од European Climate Foundation, CAN- Europe- Europe Beyond Coal, CEE Bankwatch Network, The Nature Conservancy и Европската Комисија.*




**Граѓанските организации во акција за климатските промени**

По успешниот почеток на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени“, финансиран од Шведска, во текот на 2022 година се реализираат активности од првата и втората проектна година. Организирани се серија на работилници за јакнење на капацитетите на организациите кои работат на полето на заштита на животна средина и климатски промени, обезбедено е менторирање и бесплатан правна помош за конкретни прашања и предизвици кои организациите ги имаат на локално ниво.

Подготвена е секторска анализа од областа на управувањето и одржливото користење на шумите во Македонија и првиот документ за политики за учество на јавноста во урбанистичкото планирање, како први во серија слични документи кои треба да им помогнат на граѓанските организации да се информираат за приоритетни теми за кои ќе се застапуваат пред националните и локалните институции.

Потпишани се меморандуми за соработка со 16 општини и четири институции и поддржана е работата на Коалицијата за клима, која веќе опфаќа нас 50 членки. Организирана е традиционалната годишна средба на организации кои работат на полето на заштита на животна средина и климатски промени со учество на претставници од МЖСПП и над 45 граѓански организации.




Креирана е онлајн платформа за грантови и повици на Еко-свест преку која успештно беа објавени три повици за финансиска поддршка на проекти на граѓански организации, на која се регистрираа над 380 корисници, 120 организации и 97 пријавени проекти.

Јавните кампањи во областа на климатска акција во 2022 година достигнаа до над 1 милион прегледи на традиционалните и социјалните медиуми.




*Програмата Клима на Еко-свест е финансиски поддржана од Шведската агенција за меѓународен развој Сида.*




**Save the Blue Heart of Europe**

Во 2022 година е направен значаен чекор во реактуелизирање на проблемот со повторното прогласување на НП Маврово. На иницијатива на Еко-свест, после повеќе години, се одржа работен состанок за повторно прогласување на Националниот парк Маврово на кој учествуваа министерот за животна средина, претставници од секторот за природа во министерството, директорот и членови на управата на НП Маврово, Македонското еколошко друштво и претставници на граѓанскиот сектор. Присутните се согласија за обемот на студија за ревалоризација на природните вредности која е неопходно да се спроведе како важен дел за идното одржливо управување на НП, во која посебно ќе се истражат социо-економските аспекти и ќе се утврдат категориите на инфраструктурни објекти кои се изградени или се во изградба во НП Маврово. На состанокот беше утврден неопходниот буџет како и временски рок од најмногу две години за финализирање на студијата.



Во текот на 2022 Еко-свест спроведе интензивна кампања за подигање на свесноста за негативните влијанија на малите хидроцентрали во заштитените подрачја. Активностите на кампањата се реализираа во директна соработка со уметници, продуценти, културни центри и фестивали, што овозможи многу поголемо присуство во јавната сфера и допре до многу разновидна и широка публика, вклучувајќи различни културни и општествени чинители, со посебен фокус на младите. Кампањата вклучуваше различни продукции како мултимедијалниот перформанс „Флудо“ кој се прикажуваше во Скопје (на меѓународниот фестивал за театар на сенки „Сонот на облачето“), во Ростуше (НП Маврово) и Битола. Работилницата за деца „Заробени реки“ резултираше со изложба на меѓународниот фестивал за театар на сенки „Сонот на облачето“, а краткиот документарен филм „Крапска река“, беше прикажан во официјалната програма на меѓународниот фестивал за креативен документарен филм MaceDox и стана составен дел од видео материјалот во наставните прирачници за наставници од средните училишта во 2023 година.

Анализата на работењето на малите хидроцентрали која беше изработена во соработка со Македонското стружение на млади правници, а е наменета за донесувачите на одлуки, институциите и експертската и останатата јавност, дава сеопфатен преглед на домашното законодавство од областа на работата на малите хидроцентрали и неговата примена. Истовремено анализата нуди преглед на најважните релевантни директиви на Европската Унија и



дава генерална оценка на усогласеноста на македонското со меѓународното право. Анализата јасно покажува дека е потребно итно усогласување на домашното со европското законодавство за минимизирање на нивното негативно влијание врз животната средина и екосистемите,  како и итна промена на системот на субвенционирање во кој малите хидроцентрали се фаворизираат пред останатите технологии на производство ел. енергија од обновливи извори.

Во 2022 Еко-свест продолжи активно да се застапува за откажување на концесиите на малите хидроцентрали на територијата на НП Маврово како неопходен чекор во успешното спроведување на репрогласување на паркот, при што ја спроведе кампањата „Маврово без




хидроцентрали“ со која се застапување за спроведување на последната одлука на Бернската конвенција за раскинување на концесиите на трите мали хидроцентрали на територијата на НП Маврово (Жировничка 5 и 6 и Рибничка). Кампањата беше реализирана преку различни медими како јавниот превоз во Скопје, социјалните медиуми, изложба на фото-видео есеи во културниот центар Јадро, како и застапување пред домашните институции.

**Заедно за реките**

Еко-свест во соработка со The Nature Conservancy  и партнерски организации од регионот ја оформи иницијативата „Заедно за реките“ насочена кон заштита на реките во регионот. Во рамките на оваа соработка идната година Еко-свест ќе работи на заштита на долното течение на реката Вардар и ќе поведе иницијатива за репрогласување на демиркаписката клисура за заштитено подрачје, преку кое ќе се заштитат водите на Вардар и притоките како што се Дошница, Бошава, Иберлиска и Клисурска река.



**Истражување за можно отстранување на препреки на реката Пчиња**

Еко-свест се приклучи на европската програма за отворени реки (Open Rivers) во рамки на која идната година во соработка со здружението Геобалканика ќе спроведе истражување на сливното подрачје на реката Пчиња преку кое ќе се изврши процена на браните, препреките и бариерите на реката како и нивните влијанија врз животната средина, биодиверзитетот, социо-економското значење и правниот статус. Врз база на собраните податоци ќе се дизајнира методологија за систематска класификација на влијанието на бариерата и приоритетните локации за отстранување. Крајна цел на проектот е, преку сливот на реката Пчиња како студија на случај, да развие национално применлива методологија за идентификување на речните бариери и приоретизација за нивно отстранување со цел да се постигне најголема можна поврзаност на реките и позитивно влијание врз речните екосистеми.

*Програмата Води на Еко-свест е реализирана преку проекти финансирани од Euronatur, The Nature Conservancy, Open Rivers Foundation и Arcadia.*




**Граѓанска наука во служба на природата**




На крајот на 2021 година Еко-свест започна со примена на граѓанска наука како дел од проектот "Граѓанска наука во служба на заштита на природа" поддржан од PONT и CEPF. Во рамки на овој проект подготвивме три упатства за идентификација на буката, дабот и костенот. Исто така се организираа обуки за волонтери за идентификување и мапирање на растителни видови со помош на апликација INaturalist која сега е достапна и на македонски јазик. Со Прирачникот со едукативни активности за заштита на природата изработен како дел од овој проект кој содржи голем број на практични совети и интересни забавни и интерактивни игри, сакаме да ги поттикнеме учениците од сите возрасти со своите активности во еко-секциите и активностите надвор од училиштето да придонесат кон зачувување на природата и екосистемите.



**Поддршка на одржливото управување со Споменикот на природа „Вевчански извори"**

Со проектот "Поддршка на одржливо управување со Споменикот на природа Вевчански Извори", Еко-свест ја продолжи успешната соработка со PONT(Prespa Ohrid Nature Trust). Потпишан е нов тригодишен договор за соработка, кој е продолжување на напорите на Еко-свест за заштита на Споменикот на природа Вевчански Извори.

Со отворањето на локална канцеларија во Вевчани, Еко-свест ја зголеми својата присутност во заштеното подрачје, со цел интензивирање на активностите и поголема видливост. Започнавме со спроведување на едукација со локалното училиште,детската градинка и посетителите, со мониторинг како и продолжување на употребата на граѓанска наука со цел заштита на клучните видови.

Исто така спроведовме и обуки за ренџерската служба. Целта на проектот е да се обезбеди поддршка во одржливото управување со подрачјето и спроведување на планот за управување.

## Заштита на кафеавата мечка



Euronatur во партерство со организации од Балканот започна со крупни чекори за заштита на популација на мечката. Овој во проект кој се реализира на територијата на Македонија, Албанија и Грција има за цел преземање заеднички активности и процедури за заштита на Кафеавата мечка.

Во овој процес се изработуваа протоколи за мониторинг на мечката, обуки за ренџерската служба на заштитени подрачја, како и потпишување на Меморандум за соработка помеѓу министерствата на трите земји. Обуките за ренџерските служби претставуваат основа за градење капацитети за формирање на интервентни тимови.

## Заштитени подрачја за луѓето и природата

Проектот „Заштитени подрачја за природата и луѓето“ кој што се спроведуваше регионално во партнерство со WWF Adria заврши на крајот на годината со презентација на документот Патоказ за заштита на природата. Документот се заснова на препораки и решенија кои преку дискусија беа добиени од сите засегнати страни со што беше поставена насоката за кои приоритетни области за заштита на природата ќе се залага Еко-свест во иднина. Во Патоказот се утврдени унапредување на заштитата на природата која се однесува на зајакнување на институциите и правната рамка за управување со природата, подобрување









на капацитетиет за управување со заштитените подрачја и воспоставување на систем за државно финансирање на заштита на животната средина.

Преку о  вој проект бе а доделени грантови на две организации кои го поддржуваат управувањето со заштитени подрачја, и тоа Урсус Спелеос за управувањето со Споменикот на природата „Слатински извори“ и Извор Кратово за промоција на Споменикот на природата „Куклице“.

Во текот на октомври, членките на регионалната Коалиција 27 остварија студиска посета во Брисел на која имаа средби со претставници од Европскиот Парламент и разговараа околу спроведувањето на Зелената Агенда за Западен Балкан и потребата од регионален пристап за заштита на животната средина.

Во рамки на проектот беше подготвено и документарно видео „Да го зачуваме нашето највредно“ за улогата на заштитените подрачја и природните екосистеми на СП Вевчански извори, ЈУНП Шар Планина и ЈУНП Галичица.

*Програмата Природа на Еко-свест е реализирана преку проекти финансирани од Prespa Ohrid Nature Trust, Critical Ecosystem Partnership Fund, Euronatur и WWF Adria (Sida).*

# Публикации во 2022 година













ПРЕДЛОГ
ПАТОКАЗ ЗА
ЗАШТИТА НА
ПРИРОДАТА
2022 ГОДИНА
WWF
ЕКО свест


Анализа од областа
на управувањето и
одржливото користење
на шумите во РСМ
Септември, 2022
ЗАЕДНО ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА
ЕКО свест
МЗМП
CNVP


Sweden Sverige
ЕКО свест
MYLA
CNVP
ЗАЕДНО ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА
ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ
УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО
УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ


АНАЛИЗА
на работењето
на малите
хидроцентрали
Скопје, 2022 година


SGP The GEF Small Grants Programme
30 YEARS
gef 30 years
UNDP
АНАЛИЗА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ
НА ФОНД ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Еко-свест


Прирачник со
ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ
за ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА
СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА
ВЕВЧАНСКИ ИЗВОРИ
Натура МК
CRITICAL ECOSYSTEM PARTNERSHIP FUND
BirdLife


WWF
ADRIA
Еко-свест
ПЧЕЛИ - ПОВЕЌЕ ОД МЕД
ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ ЗА ЕДУКАЦИЈА НИЗ СВЕТОТ НА ПЧЕЛИТЕ 2021.


ТИМ
ЕКО
ГИРОВ
ДРАМИЌАНИН
ИДНИНАТА Е ВО
ПРИРОДАТА!
ЕКО свест


Октомври 2022
Кичево
с. Белица
СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ
ЗА СЕЛО БЕЛИЦА
Студијата на случај се однесува на процесот на донесување на одлуки во локалната заедница во селото Белица со цел да се поттикне задржувањето на традицијата и развојот на заедницата


WWF
ADRIA
КАКО ДА СЕ ПОДГОТВИТЕ
ЗА ПРЕСТОЈ ВО ПРИРОДА

## Тимот на Еко-свест во 2022 година

| | |
|---|---|
| **Ана Чоловиќ Лешоска** | **Извршен Директор** |
| **Елена Николовска** | **Програмски координатор за клима** |
| **Стојан Лешоски** | **Координатор за грантови и ИТ поддршка** |
| **Ѓорѓи Митревски** | **Координатор за поддршка на заедници** |
| **Жарко Конески** | **Проектен координатор** |
| **Ивана Трпевска** | **Координатор за финансии и администрација** |
| **Симона Трајковска** | **Проектен координатор** |
| **Наум Илиески** | **Локален проектен координатор** |
| **Дарко Ќитаноски** | **Локален проектен координатор** |
| **Орхидеја Златкова Коцарева** | **Администратор** |
| **Тереза Кантурска** | **Раководител со финансии** |
| **Кристина Димитрова** | **Проектен координатор** |
| **Кирил Ефремовски** | **Координатор за односи со јавност** |
| **Милена Крстева** | **Раководител со финансии** |
| **Давор Пехчевски** | **CEE Bankwatch Network** |
| **Невена Смилевска** | **CEE Bankwatch Network** |

## Управен одбор на Еко-свест

| | |
|---|---|
| **Проф. Д-р. Стефан Бужаровски** | **Претседател** |
| **Ленче Данаиловска** | **Член на управен одбор** |
| **Тони Поповски** | **Член на управен одбор** |
| **Фиданка Бачева-McGrath** | **Член на управен одбор** |
| **Методија Миноски** | **Член на управен одбор** |

# Контакт

| Канцеларија на Еко-свест | Тренинг центар Скопје |
|---|---|
| **Адреса:** Никола Кљусев 14, Општина Центар, 1000 Скопје<br>**Телефон:** +389 (0)2 321 7247<br>**Е-маил:** info@ekosvest.com.mk<br>**Работно време:** од 8:00 до 16:00 часот | Адреса: Св.Кирил и Методиј 30-1/6, Општина Центар, 1000 Скопје<br>Телефон: +389 (0)2 315 1921 |

| Локална канцеларија во Вевчани |
|---|
| Адреса: Вевчани бб.<br>Телефон: +389 (0)70 225 604<br>Е-маил: naum@ekosvest.com.mk<br>Е-маил: darko@ekosvest.com.mk<br>**Работно време:** од 8:00 до 16:00 часот |